Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

2021

2022

2023

Извадок на дел од дневните настани 19.09.2023

На 18.09.2023 околу 17.30 часот во тетовско Синичане, полициски службеници на СВР Тетово го привеле 56-годишниот С.Е. од ова село. Тој бил баран по потерница врз основа на судска наредба, за издржување на казна затвор од една година за сторено кривично дело „неовластено изработување, држење, посредување и тргување со оружје или распрскувачки материи". Лицето било спроведено во Казнено-поправната установа Затвор Тетово за издржување на казната.

На 18.09.2023 во 23.40 часот во с.Сарај, скопско, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода Ј.К.(45) од Скопје, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 18.09.2023 во 03.50 часот на Граничниот премин Стар Дојран, полициски службеници го лишиле од слобода Е.И.(56) од Република Турција, затоа што при пасошка контрола било констатирано дека датумот на важност на неговата патна исправа бил преправан со пенкало. Тој бил задржан во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

Во текот на вчерашниот ден (18.09.2023) Министерството за внатрешни работи спроведе засилена акциска контрола на територијата на Република Северна Македонија за санкционирање на возила кои се движат со брзина поголема од дозволената, при што санкционирани се 223 возачи. Од нив девет возила се движеле со брзина над 50 километри на час повеќе од дозволеното, а едно возило се движело со дури над 70 километри на час повеќе од дозволената брзина. Притоа, 117 возила ја пречекориле брзината во населено место, а 106 надвор од населено место.

Секторот за внатрешни работи Скопје во текот на вчерашниот ден (18.09.2023) продолжи со контролите во областа на сообраќајот. На територијата на град Скопје изречени се вкупно 171 мерка, меѓу кои за возење повеќе од дозволената брзина 23 санкции, 15 мерки за возење без возачка дозвола, 12 мерки за користење мобилен телефон при управување, шест санкции за минување на затворен сигнал - црвено светло...

Секторот за внатрешни работи Битола во текот на вчерашниот ден (18.09.2023) продолжи со контролите во областа на сообраќајот. На територијата на СВР Битола санкционирани се 90 возачи, меѓу кои 23 мерки за возење повеќе од дозволената брзина, 16 мерки за возење без возачка дозвола, 3 возачи за управување под дејство на алкохол, 19 санкции за непропишно паркирање. Изречени се шест санкции за користење на мобилен телефон при возење...

На 18.09.2023 во приодот од 10.00 до 15.00 часот на тетовското подрачје била спроведена акциска контрола на возачите и нивниот однос кон пешаците. При контролата, откриен и санкциониран бил 21 прекршок, односно исто толку возачи не им дале предност и не ги пропуштиле пешаците, најнискиот на обележани пешачки премини. На сите возачи-прекршители им биле изготвени пријавоносци со парична глоба која за овој вид прекршок, согласно Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата, се движи од 200 до 250 евра во денарска противвредност, а за тие со изречена глоба од 250 евра, предвидена е и заштитна мерка-времено одземање на возачките дозволи од три месеци до една година. Покрај ова, санкционирани се и 12 други видови сообраќајни прекршоци.

На 18.09.2023 на подрачјето на СВР Штип била спроведена акциска контрола на возачи кои управуваат возила со брзина поголема од пропишаната. За време на контролата биле констатирани 29 прекршоци, од кои 17 надвор од населено место и 12 во населено место. Санкционирани биле и 15 други видови на прекршоци, од кои, 5 за управување возило без возачка дозвола, 2 за нерегистрирано возило, 1 за управување возило под дејство на алкохол, 1 за некористење сигурносен појас, 1 за користење мобилен телефон, 4 за непропишно паркирање и 1 за непропишно вградени фолии.

На 18.09.2023 во 17.45 часот во Полициската станица Карпош, М.К.(59) од Скопје пријавил дека кај Момин Поток бил каснат од куче скитник.

На 18.09.2023 во СВР Битола, Б.Б.(39) од с.Лопатица, битолско, пријавил дека во с.Лопатица бил каснат од куче скитник.

На 18.09.2023 во СВР Битола, Г.Р.(65) од с.Новаци пријавил дека во с.Новаци бил каснат од куче скитник.

На 18.09.2023 во 20.43 часот во Крива Паланка, полициски службеници од ОВР Крива Паланка ги лишиле од слобода С.С.(26) и И.Р.(33), двајцата од Крива Паланка, затоа што кај нив била пронајдена марихуана. Тие биле приведени во полициска станица и по целосно документирање на случајот против них ќе следуваат соодветни пријави.

На 18.09.2023 околу 13.45 часот на подрачје на Бит Пазар, полициски службеници од Полициската станица Бит Пазар ги привеле С.С.(18) и М.А.(30), двајцата од Скопје. Тие се сомничат дека упатувале закани кон А.С.(48) од Скопје. По целосно документирање на случајот, против нив ќе биде поднесена соодветна пријава.

СВР Струмица поднесе кривична пријава против Б.К. (41) од Прилеп поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „злоупотреба на лични податоци" и ,,измама". Пријавениот, лажно претставувајќи се во име на лице од Струмица, преку мобилни апликации довел во заблуда жена од Скопје дека ќе ѝ помогне при купување на три апартмани во Струга, за што во неколку наврати извршила уплата на парични средства во износ од 23.000 евра, но ниту ги добила апартмените, ниту и биле вратени парите.

На 18.09.2023 во 18.15 часот на подрачјето на Гази Баба, полициски службеници од Полициската станица Гази Баба го лишиле од слобода А.Т.(26) од Скопје, затоа што во домот физички ги нападнал неговите родители. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Гостивар поднесе кривична пријава против И.Х.(38) од село Требиште, Ц.К.(58) од Скопје и М.М.(53) од село Скудрине, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „злоупотреба на службената положба и овластување", против И.С.(56) од Гостивар, сопственик и управител на друштво за архитектонски геодетски и инженерски активности од Гостивар, поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „несовесно работење во служба" и „фалсификување исправа" и против правно лице, поради постоење основи на сомнение за кривично дело „фалсификување исправа". На 10 јуни 2013, пријавените И.Х., Ц.Ќ. и М.М., вработени во Одделението за урбанизам при општина Маврово и Ростуше, во службените простории на Одделението за урбанизам при општина Маврово и Ростуше потпишале решение со кое легализирале веќе градежно изграден објект кој не ги исполнувал основните елементи и функционална целина, иако го имале на увид записникот за извршен увид составен од страна на комисија на Одделението, во кој било констатирано дека објектот не ги исполнува основните услови за легализација. Четвртопријавениот И.С., на 09.01.2013 изработил и пуштил во употреба геодетски елаборат за легализација на бесправно изграден објект за катастарска општина Никифорово, во кој навел дека објектот бил деловен простор, по што елаборатот бил употребен во управна постапка како вистински во Одделот за урбанизам при општина Маврово и Ростуше и во Агенцијата за катастар и недвижности Гостивар за запишување на недвижности кои останале со незапишани права.

На 18.09.2023 во 13.40 часот во СВР Скопје, Д.Ј.(47) од Скопје пријавил дека на подрачјето на Кисела Вода неговиот малолетен син бил физички нападнат од неколку лица. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 18.09.2023 во ОВР Прилеп, Б.М.(76) од Прилеп пријави дека во близина на поранешната фабрика Металец во Прилеп бил каснат од куче скитник.

ОВР Гостивар поднесе кривична пријава против Ш.А.(36) од село Марена, кавадаречко, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „злоупотреба на лични податоци" и против И.Н.(43) и Г.П.(30), двајцата од Гостивар, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „несовесно работење во службата". На 02.10.2021, првопријавената ја употребила личната карта на нејзината мајка во подружница на мобилен оператор во Гостивар и склучила договор за месечна претплата. Истиот ден, Ш.А. повторно ги злоупотребила личните податоци од нејзината мајка во продавница за брзи кредити во Гостивар и подигнала брз кредит. Второпријавениот, како агент за продажба во подружница на мобилниот оператор во Гостивар, и третопријавената, вработена како агент за склучување договори во продавница брзи кредити пропуштиле да извршат надзор при идентификување на клиентот и овозможиле на првопријавената да се стекне со противправна имотна корист.

На 18.09.2023 во 21.30 часот во СВР Скопје, А.М.(49) од Скопје пријавил дека на 17.09.2023 околу 22.30 часот на подрачјето на Карпош неговиот малолетен син бил физички нападнат од неколку лица, при што едно од нив употребило тврд предмет. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 18.09.2023 во ОВР Прилеп, З.П.(67) од Прилеп пријавил дека на ул.„Трајко Николоски" во Прилеп бил каснат од куче скитник.

Денеска (19.09.2023) во 09.30 часот во Полициската станица Центар, Р.В.(49) од Скопје пријавил дека на 18.09.2023 околу 10.20 часот во Клиниката за кардиохирургија при комплекс клиники „Мајка Тереза", каде што бил вработен, бил физички нападнат од негов колега С.Ј.. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

ОВР Прилеп поднесе кривична пријава против Е.Д.(31) од село Десово, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „насилство". На 14.09.2023 на паркинг простор во Прилеп, пријавениот одбил да плати за паркинг услуга, по што физички нападнал вработен на паркинг просторот.

На 18.09.2023 во 13.00 часот во СВР Скопје, А.С.(49) од Скопје, пријавил дека околу 10.20 часот на подрачјето на Центар неговиот малолетен син бил физички нападнат од друг малолетник. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

ОВР Гевгелија поднесе кривична пријава против П.Р.(40) од Скопје, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „криумчарење мигранти". На 10.09.2023 првопријавениот, во патничко возило „форд", прифатил осум илегални мигранти без документи додека, пак, две други лица, кои управувале патнички возила „сеат толеџо" и „хјундаи", имале улога на претходница. Откако дознал дека е следен од полициски службеници - првопријавениот застанал на регионалниот пат с.Прдејци-с.Смоквица и од возилото ги симнал мигрантите.

На 18.09.2023 во 14.45 часот во Полициската станица Карпош, од Јавна установа за згрижување на деца било пријавено дека од установата се одделиле нивниот штитеник Р.М.(16), кој и претходно се оддалечувал и бил враќан назад. Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

На 18.09.2023 во ОВР Македонски Брод, Д.Б.(69) од Македонски Брод пријавила дека на ул.„Вук Караџиќ" била касната од куче скитник.

СВР Скопје поднесе кривична пријава против Д.Д.(76) од Скопје поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено изработување, држење, посредување и тргување со оружје или распрскувачки материи". На 05.07.2023, полициски службеници извршиле претрес во домот и други помошни простории на пријавениот, при што пронашле и одзеле повеќе куршуми калибар 7,62 милиметри.

Денеска (19.09.2023), полициски службеници од СВР Куманово извршиле службен разговор со малолетник од Куманово. Тој се сомничи дека на 18.09.2023 на улицата „Борко Танев" Куманово, со остар предмет му нанел повреди на друг малолетник, исто така од Куманово. Притоа, малолетникот го признал делото, а по целосно документирање на случајот против него ќе следува соодветен поднесок.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Виница поднесе кривична пријава против О.С.(55) од Делчево, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „загрозување на сигурноста". На 20.07.2023 во Виница, пријавениот се однесувал агресивно и упатувал закани кон полициски службеници кои извршувале службени дејствија.

СВР Скопје поднесе кривична пријава против А.Д.(18) од Скопје, поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „прикажување на порнографски материјал на дете" и „производство и дистрибуција на детска порнографија". Во јануари 2023 година, пријавениот со закана направил видео запис со експлицитна содржина од малолетничка, по што преку мобилни апликации го споделил записот на нејзиното семејство и соучесници.

СВР Струмица поднесе кривична пријава против А.А.(44), поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „предизвикување омраза, раздор или нетрпеливост врз национална, расна, верска и друга дискриминаторска основа", „спречување службено лице во вршење службено дејствие" и ,,загрозување на сигурноста'' и против А.Г.(32) и малолетник, сите од Струмица, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „спречување службено лице во вршење службено дејствие". На 12.07.2023 во Струмица, при предавање на наредбата за претрес во домот на првопријавениот, тој ја фрлил наредбата и почнал да им се заканува на полициските службеници, а упатил закани и на верска основа. Останатите пријавени, исто така, почнале да се закануваат, при што второпријавениот турнал еден од полициските службеници, а третопријавениот со дрвен предмет се обидел да ги нападне полициските службеници.